# ООУ „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ – СТРУГА



# ИЗВЕШТАЈ

## од Самоевалуација на училиштето

## 2021/2022 год. и  2022/2023 год.

**Декември, 2023 год.**

Вра основа на Законот за основно образование („службен весник на Р.С.Македонија бр.161/19 и 229/20“), член 129 став 4, училиштето на крајот на секоја втора наставна година спроведува Самоевалуација. Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира комисија за самоевалуација од редот на наставници, стручни соработници и родители и тоа:

- Наташа Маркоска одделенски наставник -претседател
- Лидија Гогоска педагог
- Ивана Стојановска Милеска социолог
- Елизабета Домазетоска психолог
- Васил Бачовски предметен наставник
- Бисера Ѓиноска член на совет на родители

ООУ „Јосип Броз Тито“ Струга
Период од 2021/2022 до 2022/2023
Вид на училиште: основно општинско училиште
Основач на училиштето – општина Струга
Наставен јазик: македонски јазик
Претседател на училишен одбор: Јасмина Маркоска
Директор на училиштето: Дејана Чакареска
Адреса на училиштето: Димче Ковачески бр.64 Струга
Контакт телефон: 078 212 224
e-mail: ou-josipbroztito-struga@schools.mk
web страна: oujbtstruga.wordpress.com

**Самоевалуацијата на училиштето ги опфаќа следните подрачја:**

1. **Организација и реализација на наставата и учењето**
2. **Постигањето на учениците**
3. **Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар**
4. **Управување и раководење**
5. **Комуникациски односи со јавноста**
6. **Училишна клима и култура**
7. **Соработка со родителите и локалната средина**

## Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

### Клучни јаки страни

- Училиштето ги реализира наставните планови и програми одобрени од БРО и сите учебници кои се користат во наставата се одобрени од МОН.
- Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува на карактеристиките на локалната средина.
- Во наставата се врши интеграција на содржини од повеќе наставни предмети.
- Директорот и стручните соработници вршат проверка на планирањата по претходно изготвува Процедура
- Наставниците навреме доставуваат годишни и тематски планирања со сите потребни елементи
- Наставните планови и програми целосно го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различна етничка припадност.
- Училиштето реализира образование за човековите права, граѓанско образование со реализирање на програма за антикорупциска едукација, МИО активности и други теми поврзани со општествената проблематика.
- Училиштето ги реализира сите видови вонннаставни активности со што придонесува за развивање на позитивни особини кај машките и женските ученици со различни способности.

### Клучни слаби страни

- Наставниците и родителите немаат влијание врз наставните планови и програми изготвени од БРО.
- Потешкотии во реализација на наставата со претметна настава со деца со пречки во развој

**Од анализата на добиените информации за ова подрачје се констатира следново:**

Училиштето ги реализира целосно наставните планови и програми изготвени од БРО и одобрени од МОН.

При изготвување на годишните планирања наставниците планираат соработка со локална средина (посета на значајни стопански и индустриски објекти, музеи, културно – историски споменици и институции) во зависност од наставната содржина – во времето на реализација на таа содржина.

Наставните планови и програми целосно им се достапни на наставниците, со давање на увид веднаш штом ќе стигнат во училиштето.

Изборни предмети се изучуваат од 4 до 9 одделение и тоа проекти од информатика, програмирање, изборен спорт, запознавање со религиите,етика во религии ,вештини на живеење, воспитание за околината, творештво и техничко образование. Учениците на крајот на тековната учебна година се анкетираат за изборен предмет за наредната учебна година.За таа цел се вршат и презентации на родителите за изборните предмети од страна на предметните наставници. Учениците имаат можност за избор на еден или два предмети.

На почетокот од учебната година на наставниците им се сугерира наставните програми да ги изготвуваат на ниво на стручни активи со цел осовременување на наставните програми согласно со промените.

Како резултат на тоа се создава можност за интегративен пристап кон содржините односно интеграција на оние содржини кои може да се вклучат во реализација на повеќе наставни предмети.

Наставните планови и програми во целост го помагаат личниот и општествениот развој – подеднакво на машките и женските деца од различно етничко потекло.

Училиштето реализира образование за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите СИДА и зависностите од droги првенствено на часовите по биологија – во зависност од планираните наставни содржини. Некои содржини се обработуваат на одделенските часови преку предавања изготвени од стручната служба. Во рамките на тоа редовно се реализира и предавање за превентивна дентална заштита, во рамките на проектот ,,Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,.

За теми поврзани со општествената проблематика а во врска со човековите права, училиштето реализира содржини преку предметот – Граѓанско образование во VIII и IX одд. Исто така во одд. и предметна настава се реализираат часови со содржини од ,,Меѓуетничка интеграција во образованието,,. Во минатите две учебни години се реализираа часови од програмата за антикорупциска едукација на учениците во основните училишта, која ќе биде составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

Во училиштето се нудат следниве вонаставни активности

- СУА
- Ученички натпревари
- Ученички екскурзии
- Здравствена заштита
- Производствена и друга општествено корисна работа

Сите вонаставни ученички активности подеднакво им се достапни на машките и женските деца.

За сите вонаставни активности се одговорни предметните наставници. За планирање и реализација на ученички екскурзии, организирано зимување и летување, како и настава во природа, на почетокот од учебната година се формира посебна комисија за екскурзии, која изготвува годишна програма.

Воннаставните активности се реализираат за задоволување на потребите и интересите на учениците и училиштето, како дополнување на целокупниот воспитно – образовен процес.

Училиштето очекува позитивни резултати од вклученоста на учениците во овие активности, афирмација на училиштето, освојување на повеќе награди на регионални и републички натпревари, изградување на позитивна клима за работа и дружење меѓу учениците.

**Идни активности:** Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Изградување систем за запознавање на родителите со наставните планови и програми.
2. Соработка со МОН за обезбедување на образовни асистенти за сите деца со пречки во развој

## Подрачје 2: Постигањето на учениците

***Клучни јаки страни***

1. Училиштето ги обезбедува сите потребни услови за подобрување на постигањата на учениците.
2. Информирање на родителите за постигањата на учениците согласно Законот за основно образование
3. Училиштето постојано ги мотивира учениците да постигнат подобар успех, поголема дисциплина и редовност.
4. Директорот, наставниот кадар и стручните соработници водат грижа за учениците.
5. Подобрување на успехот и редовноста на учениците како резултат на советувањето на родителите согласно измените и дополнувањата на Законот за основно образование.

## Слаби страни

1. Необјективно оценување под притисок на родителите.
2. Слаб интерес на учениците за учество на натпревари

**Од анализата на податоците** за ова подрачје се констатира следново:

Училиштето постојано дава свој придонес за подобрување на постигањата на учениците и тоа преку:
а) обезбедување на стручен и квалитетен кадар
б) подобрување на условите во училиштето
в) изготвување на квалитетни планови и програми за работа.
г) примена на современи форми и методи за работа.
д) максимално користење на нагледните средства со кои располага и ИКТ .
ѓ) мотивирање на учениците за работа.
е) систематско следење на успехот на учениците , објективно оценување и др.
Како резултат на ова учениците секоја година покажуваат подобри резултати и постигнувања во воспитно – образовниот процес.

Не постои разлика во постигањата на учениците во зависност од полот и етничката припадност.
Разликите повеќе се индивидуални и зависат од способностите на учениците.
Во периодот – на крајот од одделенска настава и предметна настава (V одд. и IX одд.) критериумите за оценување на учениците се поблаги – заради постојната уписна политика за средно образование и притисокот на родителите.
Како резултат на своето базично образование , стручно усовршување и други услови во наставата, наставниците се доволно оспособени за применување на современи методи и инструменти во оценувањето на постигањата на учениците.
За оценувањето да биде пообјективно, наставниците критериумите за бројчано оценување – изготвени во согласност со Правилникот за оценување, ги прилагодуваат во зависност од спецификите на предметот кој го предаваат. Има усмено и писмено оценување – писмени работи, тестови на знаење.
Постигањата на учениците се следат континуирано, за истите, наставниците користат формативно и сумативно оценување, постојано ги информираат учениците за степенот на стекнатите знаења, а напоредно им даваат насоки за подобрување на постигањата.
Училиштето врши споредување на постигнатите резултати, по различни одделенија, наставни предмети, од една учебна година во друга преку анализа на табеларните извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот од учебната година. Овие извештаи ги изготвува стручната служба по претходно обработување на податоците добиени од страна на одд. раководители за секоја паралелка поодделно.

Напредокот и постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето се следи во текот на целата учебна година и по потреба со нив се организира дополнителна настава. За таквите ученици предметните наставници изготвуваат посебни програми во зависност од потребите на учениците.
За надарените ученици се организира додатна настава и истите се вклучуваат во натпревари согласно изготвените програми.
Соработката меѓу наставникот, ученикот и родителот е постојана во текот на целата учебна година, иницирана од страна на предметниот наставник или одд. раководител или од страна на родителот доколку оцени дека има потреба за тоа , а со цел подобрување на постигањата на ученикот. За тоа има придонес и редовното одржување советувања со родителите на ученици кои имаат 3 и повеќе слаби оцени, над 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци. Во текот на годината се организираат индивидуални средби, на ниво на паралелка, а по потреба и општи родителски средби.
Најголемиот дел од учениците кои се запишале во нашето училиште се задржуваат во него до крајот на своето школување – до IX одд. Многу е мал бројот дури незначителен на оние ученици кои се осипуваат во текот на школувањето. Причина за тоа е преселување на семејството во друг град, а најчесто во друга држава.

**Идни активности**: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето
1.Пообјективно оценување на учениците по повеќето предмети.
2.Превземање активности за поголемо мотивирање на наставниците и учениците за учество на натпревари.

## Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар

### Клучни јаки страни:

1. Наставниците и стручните соработници имаат интерес за стручно усовршување.
2.Стручните соработници ја следат реализацијата на наставата и им даваат стручна помош на наставниците во реализација на истата.
3.Знаењата кои ги добиваат на обуките и семинарите организирани од страна на МОН и БРО ги применуваат во наставата.
4.Училиштето организира дисеминација на која наставниците кои биле на обуки ги пренесуваат искуствата на другите наставници.

### Клучни слаби страни:

1.Наставниците не можат да посетуваат одредени обуки за кој имаат интерес, заради неможноста од самофинансирање.
2.Обуките се организираат во работни денови, што претставува проблем за присуство на истите

**Анализа:**

На почетокот од учебната година училиштето прави анализа на потребата од наставен кадар за тековната година. Наставниот кадар со кој располага училиштето е стручен и ефективно и ефикасно распределен. Доколку постои потреба од наставен кадар училиштето доставува барање до општината за добивање согласност за вработување**.** Во училиштето работаат 2 стручни соработници (педагог и социолог), а 2 дена во неделата работи и психолог од друго училиште и истите даваат целосна поддршка на наставниците во воспотно-образовниот процес, вршат советодавна работа со ученици, родители и др. Субјекти поврзани со работата на училиштето.
Во училиштето постои тим за професионален развој на наставниците кој прибира податоци за интересот на наставниците и стручните соработници за професионален развој и видот на обуки за кои се заинтересирани. Овие обуки се реализираат со цел подобрување на квалитетот на наставата и учењето. Тимот за проф. развој изготвува програма за работа како и извештај на крајот од годината.

**Идни активности:**

- Со обуките и семинарите да се опфатат што поголем број наставници, како од одд. така и од предметна настава.
- Обуките да се организираат во денови кога нема настава, заради нормална реализација на воспитно- образовниот процес.
  Заради поддршка на учениците со посебни образовни потреби да се направат напори за вработување на дефектолог во училиштето.

## Подрачје 4: Управување и раководење

### Јаки страни
1. Почитување на законската регулатива при формирање на Училишен одбор.
2. Постои координирана и континуирана соработка на раководниот орган со наставниците, стручните соработници и другите вработени.
3. Училишниот одбор работи согласно Законот и Деловникот и е вклучен во решавање на проблемите.
4. Соработката со локалната самоуправа е на потребното ниво.

### Слаби страни
1. Нема целосна информираност на вработените и родителите со одлуките што ги донесува Училишниот одбор.
2. Вработените не се целосно информиран, нема изградено процедура за информирање со финансиското работење на училиштето.

**Анализа на резултатите:**
Училиштето работи согласно Законот за основно образование, Новата концепција за основно образование, Законот за работни односи, Колективниот договор, и актите кои произлегуваат од нив: Статутот на училиштето, Правилникот за организација и систематизација, Правилникот за работни односи, Правилникот за технолошки вишок, Планот за развој на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето.

Највисок орган на управување е Училишниот одбор кој работи согласно законската регулатива и Деловникот за работа на училишниот одбор

Со училиштето раководи директорот на училиштето во соработка со Стручните соработници, раководителите на подрачните основни училишта и стручните органи на училиштето.

Стручни органи на основното училиште се наставничкиот совет на основното училиште, советот на одделенските наставници, совет на предметните наставници, одделенскиот раководител, раководителот на паралелката и стручните активи на наставниците.

Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализација на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.

Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, соработува со родителите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени со Законот за основно образование.

Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставниците кои предаваат ист предмет или подрачје.

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира совет на родители на училиштето.

Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којашто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката.

Идни активности: **Приоритетни подподрачја** (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето
1.Навремено и целосно информирање на родителите за одлуките кои што ги донесува училиштето.
2.Целосно информирање на наставниците за одлуките што ги донесува Училишниот одбор и за финансиското работење на училиштето

## Подрачје 5: Комуникациски односи со јавноста

**Клучни јаки страни**
1. Училиштето ги обезбедува сите потребни услови за подобрување на постигањата на учениците.
2. Училиштето применува најразлични начини за промовирање на постигањата на учениците.
3. Училиштето постојано ги мотивира учениците да постигнат подобар успех, поголема дисциплина и редовност.
4. Успесите на натпреварите на учениците се резултат на залагањата на наставниот кадар.

**Слабости**
1.Училиштето нема доволно средства за да ги финансира учениците и наставниците за учество на натпревари со што би ги мотивирал за поголемо учество и постигање поголеми успеси.

**Анализа на резултатите:**

Родителите и учениците се запознаваат со наставните планови и програми за задолжителните предмети на почетокот од учебната година на првата родителска средба, преку работата на Советот на родители и преку Брошурата на училиштето.

Во текот на месец Мај за тековната година родителите се запознаваат со програмите за изборни предмети и во истиот месец родителите и учениците пополнуваат Прашалник и избираат еден изборен предмет кој ќе го учи ученикот во наредната учебна година.

Родителите за напредокот на учениците редовно се информираат со давање усни и писмени информации и тоа преку индивидуални и заеднички родителски средби, евидентни листови за постигнатиот успех по сите предмети за секое тромесечие од учебната година и свидетелства на крајот од учебната година.

Соработката меѓу наставникот, стручната служба, ученикот и родителот е постојана во текот на целата учебна година. Соработката е иницирана од страна на предметниот наставник од одд. раководител, стручната служба или од страна на родителот доколку оцени дека има потреба за тоа. Целта на оваа соработка е подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на ученикот.

Училиштето применува најразлични начини за промовирање на постигањата на учениците.

**Идни активности**: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

1. Да се изнајде начин за обезбедување финансиски средства за мотивирање заучество на учениците и нивните ментори на натпревари.

## Подрачје 6: Училишна клима и култура

**Клучни јаки страни**

1.Односот помеѓу наставниците и учениците, меѓусебните односи помеѓу наставниците и меѓу самите ученици е на потребно ниво и се темели врз взаемно почитување.
2.Педагошките мерки се изрекуваат во согласност со Правилникот за оценување, наградување и изрекување на педагошки мерки.
3.Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици без оглед на полот и социјалниот статус на ученикот.
4.Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца.

5.Училиштето на почетокот од учебната година изготвува Брошура согласно Законот за основно образование
6. Во последните учебни години во училиштето се реализираат часови со содржини од Меѓуетничка интеграција.
7. Во училиштето се почитува Кодексот на однесување на ученици, наставници и родители, како и Куќниот ред за вработените во училиштето.

**Слабости**

1. Резултатите од постигањата на учениците се промовираат само на ниво на училиште.

**Анализа на подрачје:**

Односот меѓу наставниците и наставниците и учениците се базира на взаемно почитување и соработка. Исто така, постои взаемно почитување и помагање, помеѓу учениците со различни способности. Имено, учениците кои постигнуваат подобри резултати во учењето се спремни да им пружат помош на учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставното градиво. Ова е честа појава на ниво на паралелка.
За подобрување на социјалната клима и односите во училиштето, изготвен е Кодекс за однесување на учениците – и истиот е истакнат во секоја училница, а Кодексот за однесување на наставниците е истакнат на огласна табла и во кабинетите на наставниците.
Одд. раководители повремено разговараат за почитување на Кодексот на одд. часови, со цел учениците истиот целосно да го почитуваат.
Исто така, на одд. часови се презентираат предавања за односот на учениците во училиштето и надвор од него, развивање на другарски односи, меѓусебно почитување и толеранција. Во училиштето од страна на стручните соработници се реализираше проектот – Превенција за ненасилно однесување во училиштата во соработка со USAID.
Се организираат културно – уметнички приредби, екскурзии и други активности со цел развивање на позитивни односи и подобрување на социјалната клима во училиштето.

Мал број на ученици создаваат проблеми во однос на дисциплината и поведението. Таквите ученици се откриваат од страна на одд. раководители и предметните наставници и со истите се водат советодавни разговори од страна на стручната служба – со цел позитивно да се делува на нивното однесување.
Исто така се обавуваат и советодавни разговори и со родителите на учениците и заеднички се изнаоѓаат можности за надминување на овие состојби.

Доколку, овие ученици, и покрај сите советодавни разговори, и понатака имаат незадоволително поведение и не се дисциплинирани, тогаш од страна на Одд. раководители, Одд. совети и Наставничкиот совет се изрекуваат педагошки мерки. Најчести педагошки мерки се усна и писмена опомена, укор од одд. раководител и намалување на поведението.

Училиштето е отворено за посетители што доаѓаат од надвор, а посебно за родителите. Родителите можат во секое време да добијат информации за своите деца – преку индивидуални средби со одд. раководители, предметните наставници и стручната служба. Исто така, се организираат и групни средби за решавање на одредени проблеми, а се организираат и родителски средби.

Училиштето ги промовира постигањата без разлика на полот на учениците. Постигањата се промовираат на родителските средби, на одбележување на патрониот празник на училиштето и сл.

Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици без оглед на полот, етничкото потекло и социјалниот статус на ученикот.
Еднаквоста и правичноста се обезбедува согласно Законот за основно образование, Правилникот за оценување и Декларацијата за заштита на правата на децата.

Соработката на училиштето со родители воглавно се сведува на задоволување на интересите на родителите за информирање за успехот, поведението и редовноста на нивните деца. Исто така, зачестена е соработката со родителите на учениците кои покажуваат послаб успех и нередовно ја посетуваат наставата, со цел заеднички да се делува за надминување на таквата состојба.

**Idни активности;**

1. Училиштето да изнајде можности за промовирање на постигањата на учениците и надвор од училиштето.

## Подрачје 7: Соработка со родителите и локалната средина

**Клучни јаки страни**

1. Во текот на овие две учебни години нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и воннаставни активности (културни и спортски) во соработка со локалната заедница.Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.
2. Локалната зедница преку разни донации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.
3. Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, Стручни предавања и посети во работни организации во кои тие се вработени.
4. Постои соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.

**Клучни слаби страни**

1. Од воочените анализи детектирани се слабости во областа на донирањето на средства од страна на локалната и деловната заедница и невладиниот сектор.

## Анализа на резултатите

Соработката на училиштето со родителите е континуирана во текот на целата учебна година. Сите потешкотии ви врска со наставата, дисциплината и редовноста на учениците навреме се идентификуваат и во соработка со родителите истите се решаваат. Родителите постојано покажуваат спремност за соработка, а дел од нив се спремни да се вклучат и со финансиски средства и донации за подобување на просторните услови на училиштето. Дел на родителите се спремни и се вклучуваат во одржување на стручни предавања од областа на здравството, претставување на различни професии, а учествуваат и во конкретни активности планирани со проектот “Заедничка грижа за правилно насочување на учениците”, преку изработки на ученички творби поврзани со новогодишниот и велигденскиот Базар. Соработката со локалната заедница е на потребното ниво и истото придонесува за поквалитетна реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето постојано соработува со основните и средните училишта од општината Струга и од други општини, со организации од областа на културата, со Народниот Музеј „Д-р Никола Незлобински“ , Дом на културата , Центар за социјална работа и др.

- Училиштето соработува со повеќе субјекти од деловната заедница од општината и пошироко, а исто така остварува соработка со претставници од невладин **организации.Училиштето има постојано добра соработка со родителите. Исто така соработката со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво. Таа соработкае продлабочена со потпишување на меморандум за соработка со училиште во кое учат ученици од друга националност.**

**Идни активности:**

1. **Да се склучи меморандум за соработка со деловната заедница**
2. **Да се изготви листа за евиденција на индивидуалните средби.**
3. **Да се најде начин за поголемо вклучување на локалната самоуправа во подобрување на условите на работа во училиштето.**